Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, изјавена против содржината на тендерската документација изготвена по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 06272/2021 за набавка на услуги - АНАЛИЗА НА ИСПРАВНОСТ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈПКД ТОПОЛКА ЧАШКА ЗА 2021 ГОДИНА на договорниот орган Општина Чашка, врз основа на член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4) и (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и 87/2021), на 19-та Седница одржана на ден 28.04.2021 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**1. СЕ ЗАПИРА** постапката по жалбата на жалителот ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, изјавена против содржината на тендерската документација изготвена по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 06272/2021 за набавка на услуги - АНАЛИЗА НА ИСПРАВНОСТ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈПКД ТОПОЛКА ЧАШКА ЗА 2021 ГОДИНА на договорниот орган Општина Чашка.

**2. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 06272/2021 за набавка на услуги - АНАЛИЗА НА ИСПРАВНОСТ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈПКД ТОПОЛКА ЧАШКА ЗА 2021 ГОДИНА и донел Одлука за јавна набавка од 14.04.2021 година.

Незадоволен од содржината на тендерската документација жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

Договорниот орган Општина Чашка, наместо одговор на жалбата на 23.04.2021 година до Државната комисија за жалби по јавни набавки, во делот „Одговор по жалба“ на ЕСЈН, достави Одлука за поништување на постапката од

23.04.2021 година, во која наведува дека утврдел дека тендерската документација содржела битни пропусти и недостатоци.

Оттука, Државната комисија разгледувајќи ги доказите кои се дел од досието на постапката на ЕСЈН, постапи согласно член 160 став (1) точка 1 од Законот за јавните набавки во кој е наведено: „(1) Државната комисија во жалбената постапка може да: 1. ја запре жалбената постапка“.

Со оглед на фактот што договорниот орган постапил согласно со член 114 став (1) точка 5 и ја поништил постапката за јавна набавка поради утврдени битни повреди во тендерската документација, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесе заклучок со кој се запира постапката по жалбата на жалителот ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

**Упатство за правно средство:** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против овој заклучок незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 од денот на приемот на заклучокот.

Бр.09-476/9
28.04.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес
- Општина Чашка